ИЗВЕШТАЈ

од извршена самоевалуација на

ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“КУМАНОВО

за период од 2024 год. до 2026 год.

Врз основа на Законот за основното образование(„Службен весник на РСМ“ Член 129, закон 161/19, 229/20, 03/25, 74/25, 250/25 и 111/26 година). Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ Куманово изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024-2025 и 2025-2026 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на **28.05.2024** година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведенаво периодот 2024 – 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членовина тимот
1.Планирање,настава и учење	**-Јадранка Јосковска** -Билјана Стоилковска -Драган Стефановски -Тино Шаботиќ -Маја Поп Арсова -Мартин Серафимовиќ -Бранкица Лититарова -Анета Јовановска -Милена Михајловска -Гордана Јовановска -Гордица Миленковска -Магдалена Миладиновска

2.Постигања на учениците	**-Дафина Јосимовска** -Соња Поповиќ -Жаклина Трајковиќ -Анкица Каранфилова -Христина Кеовска -Анита Милановска -Сандра Петринска -Валентина Митевска -Оливера М. Ѓорѓиевска -Елена Паскалова -Светлана Насковска -Бојан Дамњановски
3.Училишна клима и односи во училиштето	**-Емилија Кириловска** **-**Гордана Зец **-**Наталија Крстевска -Андријана Владимирова Тасевски -Марија Насевска -Марија Клековска - Кристина Костадиновска -Сузана Анастасова -Емилија Николовска -Весна Лазаревска -Ивана Денковиќ -Ана С. Петровска
4. Управување и раководење	**-Елизабета К.Костиќ** -Стефан Јовановиќ -Марина Дапчевска **-**Елена Марковска **-**Габриела Младеновиќ -Виолета Николовска -Гордана Ракиќ -Бојан Трајковски -Ана Гиевска -Марина Ц.Мартиновска -Гоце Крстевски -Сашо Димковски -Наташа Ѓорѓевиќ

Тимовите спроведоа анкети,интервјуа,извршија увид во потребната документација и изворите,врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали,според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на **Наставничкиот совет одржана на 03.11.2026** година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето,силните страни,слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје

Подрачје1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Самоевалуацијата покажува дека училиштето успешно ги реализира воспитно-образовните процеси во согласност со наставните планови и програми и стратешките насоки на Министерството за образование и наука. Наставниците континуирано ги планираат наставните активности, применуваат современи методи и форми на работа, користат разновидни ресурси и обезбедуваат поддршка за учениците согласно нивните индивидуални потреби.
Големо внимание се посветува на инклузивното образование, меѓуетничката интеграција, развивањето на функционални знаења, критичкото размислување и активно учество на учениците во наставниот процес.
Анкетните прашалници покажуваат високо ниво на задоволство кај наставниците, учениците и родителите во однос на квалитетот на наставата, професионалната поддршка, училишната клима и можностите за активно учество во наставните и воннаставните активности.

Истовремено, резултатите укажуваат дека е потребно понатамошно унапредување на наставната практика преку збогатување на современите наставни ресурси, зголемување на примената на интерактивни и истражувачки методи кај сите ученици, проширување на инклузивната поддршка и поголемо вклучување на родителите и локалната заедница во воспитно-образовниот процес.

Силни страни

- Квалитетно и навремено планирање на наставата во согласност со наставните програми.
- Високо ниво на соработка меѓу наставниците, стручната служба и раководниот тим.
- Примена на современи методи, диференцирана и индивидуализирана настава.
- Добро развиен инклузивен пристап и континуирана поддршка на учениците со посебни образовни потреби.
- Голем број успешно реализирани проекти, работилници, натпревари и воннаставни активности.
- Развиена позитивна, безбедна и поттикнувачка училишна клима.
- Успешна реализација на активности за меѓуетничка интеграција и градење култура на соживот.
- Висока мотивираност на наставниот кадар за професионален развој и тимска работа.

Слаби страни

- Потреба од дополнително опремување со современи наставни и асистивни средства.
- Ограничени просторни услови за индивидуална и инклузивна работа со учениците.
- Потреба од континуирани обуки за современи наставни стратегии, дигитални алатки и инклузивни практики.
- Поголемо вклучување на родителите во реализацијата на училишните активности.
- Зголемување на бројот на заеднички активности со партнер-училишта и локалната заедница.
- Поголема примена на истражувачка, проектна и искуствена настава кај сите ученици.
- Континуирано подобрување на наставните ресурси и дигиталната опременост.

Приоритети

- Унапредување на квалитетот на наставниот процес преку поголема примена на современи, интерактивни, истражувачки и дигитални методи на работа со учениците.
- Зајакнување на инклузивните практики преку обезбедување дополнителни асистивни средства, наставни помагала и континуирана стручна поддршка за учениците со различни образовни потреби.
- Континуиран професионален развој на наставниот кадар преку учество на обуки, семинари и размена на добри практики од областа на современата настава, оценувањето и инклузивното образование.
- Подобрување на материјално-техничките и просторните услови за реализација на современа, интерактивна и индивидуализирана настава.
- Зголемување на активното учество на учениците преку проектна настава, истражувачки активности, воннаставни програми, натпревари и ученски иницијативи.
- Продлабочување на соработката со родителите, локалната заедница и партнер-училиштата, со цел поголема поддршка на воспитно-образовниот процес и реализација на заеднички активности.
- Унапредување на активностите за меѓуетничка интеграција и градење безбедна училишна средина, преку поголем број заеднички проекти, работилници и активности што ја поттикнуваат толеранцијата, почитувањето и соработката.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот.

Училиштето редовно учествува во спроведување на екстерни тестирања на државно ниво, по одделни наставни предмети и континуирано го следи напредокот, усвоеноста на стандардите, по одделни наставни предмети, во различни временски периоди и истите ги споредува.

Преку следење на напредокот на учениците, набљудување и проценка од страна на наставниците и стручнатата служба, преку разговори со одделенските раководители и родителите се идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето. Идентификацијата на надарените ученици се врши добро иако училиштето не располага со психодијагностички инструменти за целосно потврдување на откриената надареност на учениците.

Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку: родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства.

Во училиштето редовноста на учениците се следи во текот на целата учебна година. Редовноста одделенските раководители ја

ажурираат во електронски дневник. Истата се анализира по класификациони периоди. Родителите чии деца имаат голем број на изостаноци се упатуваат на советување. Учениците кои изостануваат од настава 30% се упатуваат на полагање на одделенски испит. Отсуството е поради болест и повратници од странство.

Семејството и училиштето се две клучни средини во кои се одвива животот на децата и младите. Вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание врз целокупниот развој, успехот и однесувањето на ученикот. Со советувањето се развива свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања.

Во училиштето наставниците изнаоѓаат начини преку користење на различни методи, форми и техники за работа со учениците за подобрување на постигањата на учениците. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошна работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава.

Силни страни

- Следењето и оценувањето на учениците е континуирано, објективно и во согласност со критериумите за оценување;
- Активно учество во државни тестирања се со цел подобрување на образовните политики и постигање на повисоки резултати на државно, локално и училишно ниво и активно учество во меѓународни тестирања, следење и споредување на постигањата на учениците во нашата земја со постигањата на учениците од другите земји во светот;
- Центарот за поддршка кој работи во состав на училиштето дава индивидуални третмани на сите ученици со ПОП во училиштето и во Североисточниот регион;
- Училиштето редовно и навремено ги известува родителите/старателите за постигањата на учениците во соработка со наставниците, стручната служба, директорот, Советот на родители и Училишниот одбор;
- Редовност на учениците во рамките на училиштето се следи во континуитет, на крај на секој класификационен период се изготвуваат анализи, но и наставниците уредно водат педагошка евиденција за редовност на учениците;
- Извршените советувања на родителите/старателите и учениците доведоа до надминување на актуелните потешкотии низ кои поминуваат учениците, подобрување на успехот, редовноста и однесувањето кај најголем дел од учениците;

- Наставниците вршат индивидуален пристап на учениците и ја прилагодуваат наставата според нивните потреби, поттикнуваат критичко размислување и активно учество, користат разновидни методи и активности за полесно совладување на наставните содржини со што создаваат позитивна и мотивирачка атмосфера за учење;

Слаби страни

- Редовност на ученици од ромска етничка припадност;
- Недоволна едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби кои работат по модифицирана наставна програма.

Приоритети

- Едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби кои работат по модифицирана наставна програма.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето има изградено препознатлив и позитивен имиџ во локалната средина и остварува успешна, континуирана и партнерска соработка со локалната заедница. Во училиштето е воспоставена позитивна и поддржувачка училишна клима која се одликува со уредна, пријатна и стимулативна работна средина, во која се негуваат меѓусебното почитување, одговорноста, редот и дисциплината.

Со цел унапредување на квалитетот на меѓучовечките односи и обезбедување јасни стандарди на однесување, училиштето има изготвено кодекси на однесување кои се однесуваат на сите учесници во воспитно-образовниот процес – учениците, вработените и родителите. Истите се познати, прифатени и доследно се почитуваат од страна на сите структури во училиштето, придонесувајќи кон создавање позитивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина.

Почитувањето и примената на овие кодекси придонесуваат за јакнење на културата на одговорност, взаемна почит и професионално однесување, како и за одржување на позитивна и безбедна училишна клима.

Училиштето претставува инклузивна воспитно-образовна средина која на сите ученици, независно од нивните способности, пол, етничка припадност, вероисповед, социјален статус или која било друга лична карактеристика, им обезбедува еднакви можности за активно вклучување и учество во наставните и воннаставните активности. Промовирањето на еднаквоста и правичноста претставува една од темелните вредности врз кои се заснова работата на училиштето, а нивното доследно почитување е вградено во сите интерни документи и процедури, како и во односите помеѓу сите чинители на училишниот живот – вработените, учениците и родителите.

Во нормативните акти и правилниците на училиштето се интегрирани основните принципи за заштита и почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко насилство и сите облици на несоодветно однесување. Сите вработени ги познаваат и доследно ги почитуваат правата на децата, демонстрирајќи професионален, правичен и достоинствен однос кон секој ученик, без оглед на полот, етничката припадност, социјалното потекло или индивидуалните способности.

Училиштето го негува и применува принципот на демократско учество на учениците во процесите на одлучување преку воспоставени форми на ученичко организирање на сите нивоа – од паралелка до училиште. Ученичката заедница активно учествува во донесувањето одлуки од непосреден интерес за учениците. Во училиштето функционираат и Ученички парламент и ученички

правобранител, формирани и избрани во согласност со Статутот на училиштето, кои своите активности ги реализираат врз основа на однапред утврдена годишна програма. Значаен придонес во унапредувањето на безбедноста и разрешувањето на предизвиците во училишната средина дава и училишниот тим за безбедност.

Особено значајно место во функционирањето на училиштето зазема соработката и комуникацијата со родителите и старателите, која се реализира на сите нивоа и во различни форми. Родителите редовно се информираат за сите релевантни прашања поврзани со воспитно-образовниот процес, активно се вклучуваат во работилници, проекти и други активности, а нивните иницијативи и предлози се разгледуваат и, кога е возможно, се имплементираат во практиката. Истовремено, училиштето континуирано ги поттикнува родителите кон активно партнерство во воспитно-образовниот процес, при што се реализираат и законски пропишаните советувања.

Училиштето остварува континуирана и продуктивна соработка со релевантните институции од областа на воспитно-образовната дејност, локалната самоуправа, јавните установи, граѓанскиот и деловниот сектор, со цел унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа и создавање поширока мрежа на поддршка за учениците.

Грижата за севкупниот развој и благосостојба на учениците претставува еден од приоритетите на училиштето. Во таа насока се создава безбедна, сигурна и поттикнувачка средина за учење, во која се негуваат почитувањето на различностите, меѓусебната толеранција и културата на ненасилна комуникација како основа за превенција и заштита од сите облици на насилство. Училиштето континуирано реализира активности насочени кон идентификување на евентуалната појава на врсничко насилство, со што се обезбедуваат услови за навремено препознавање, интервенција и соодветно постапување.

Со Кодексот на однесување на учениците јасно се дефинирани забраните за пушење, консумирање алкохол, како и дистрибуција и употреба на психоактивни супстанции во училиштето и училишниот двор. За ваквите појави постојат воспоставени процедури за евидентирање и постапување, кои се применуваат доследно и навремено. Преку воннаставни активности, едукативни предавања и работилници, училиштето систематски ја развива свеста кај учениците за значењето на здравите животни навики, правилната исхрана и грижата за сопственото здравје.

Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, континуирано се следи здравствената состојба на учениците со цел превенција и навремена заштита од здравствени ризици, преку реализација на систематски и превентивни прегледи, стоматолошка заштита и редовна имунизација согласно националниот календар за вакцинација. Исто така, редовно се спроведуваат систематски и санитарни прегледи и кај вработените во училиштето.

Училиштето располага со јасно дефинирани мерки и процедури за обезбедување на безбедноста на учениците за време на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор, а нивната примена постојано се следи и унапредува. Посебно внимание и поддршка им се обезбедуваат на учениците од социјално ранливи семејства, преку обезбедување услови за надминување на трошоците поврзани со школувањето, набавка на училишни материјали, специјализирана опрема, учество во воннаставни активности, превоз и други специфични потреби. Дополнително, училиштето вложува значителни напори за обезбедување соодветна поддршка и грижа за учениците со здравствени потешкотии.

Посебен акцент се става на социо-емоционалната добросостојба на учениците преку создавање поддржувачка, инклузивна и охрабрувачка средина во која секој ученик има можност да ги развие и реализира сопствените потенцијали. На тој начин се придонесува кон подобрување на академските постигнувања, развојот на животните вештини и успешната подготовка на учениците за предизвиците што ги носи современото општество.

Училиштето располага со развиена програма за професионална ориентација на учениците, при што сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес ја препознаваат важноста на изборот на идниот образовен и професионален пат на учениците. Преку заедничка соработка, координација и меѓусебно надополнување, се обезбедува соодветна поддршка во процесот на донесување одлуки за нивниот личен и професионален развој.

Силни страни

- Училиштето има изградено препознатлив и позитивен имиџ во општината и остварува континуирана и успешна соработка со локалната заедница, јавните установи и деловниот сектор.
- Училиштето спроведува јасно дефинирана политика заснована на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција, со што континуирано се унапредува свеста кај учениците за значењето на меѓусебната почит, еднаквоста и емпатијата.
- Исто така, училиштето остварува успешна меѓународна соработка со партнер училишта во рамки на Еразмус+ проекти, преку реализирање мобилности, размена на искуства и идеи, како и заеднички активности на учениците со нивните врсници од партнерските училишта.

- Во училиштето е обезбедено навремено информирање, изработка, спроведување и ажурирање на Кодексот на однесување и Кодексот на облекување, при што во овој процес активно се вклучени сите структури во училиштето.
- Училиштето има воспоставено Центар за поддршка на ученици со потешкотии во учењето, кој обезбедува континуирана стручна и образовна поддршка во согласност со потребите на учениците.
- Училиштето систематски и континуирано се грижи за социо-емоционалната добросостојба на учениците преку организирани активности, индивидуализирани програми и вклученост на стручен тим (психолог, педагог, дефектолог, наставници и родители), што овозможува сеопфатна и координирана поддршка.
- Извршена е реконструкција на кровната конструкција на централната училишна зграда, со што значително се подобрени условите за безбедно и квалитетно одвивање на воспитно-образовниот процес.
- Извршено е реновирање на училишната зграда на подрачното училиште во село Пчиња.
- Родителите се активно вклучени во организација и реализација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни и релевантни воспитно-образовни теми, со што се зајакнува партнерството меѓу училиштето и семејството.
- Активностите на училиштето редовно се промовираат во локалната заедница преку локалните медиуми, како и преку официјалната веб-страница и Фејсбук-страницата на училиштето, со цел транспарентно информирање на јавноста.
- Училиштето се истакнува со активно вклучување на учениците во Неделата на грижа за стари лица преку организирана посета на Дом за стари лица, со што се поттикнува хуманоста, емпатијата и општествената одговорност кај учениците.
- Училиштето реализира значителен број активности, работилници и предавања преку кои учениците стекнуваат знаења и вештини за препознавање, превенција и соодветно справување со различни форми на насилство.
- Во училиштето се обучени наставници и ученици за укажување прва помош, со што се зајакнува безбедноста и подготвеноста за навремено и соодветно делување во итни ситуации.

Слаби страни

- Постои потреба од понатамошно унапредување на наставниот процес преку поизразена примена на индивидуализација и диференцијација, како и јакнење на дигиталните компетенции на дел од наставниот кадар и поширока употреба на современи дигитални алатки.
- Недоволно учество и помал број постигнувања на учениците и наставниците на меѓународни натпревари, конкурси и проекти.
- Ограничена вклученост во меѓународни образовни иницијативи кои овозможуваат поширока афирмација на учениците, наставниците и училиштето.
- Соработката со родителите во одредени сегменти може дополнително да се унапреди преку нивно поактивно и поконтинуирано вклучување во воспитно-образовниот процес и училишниот живот.
- Иако училиштето активно работи на унапредување на социо-емоционалната добросостојба на учениците, дел од родителите сè уште покажуваат потреба од подобро информирање и поголема запознаеност со сите активности и мерки што се спроведуваат во оваа област.
- Недоволен број на едукативни работилници и активности насочени кон превенција и заштита на учениците од штетни влијанија, како што се дрога, алкохол, цигари и други ризични однесувања.

Приоритети

- Унапредување на инклузивна, безбедна и поддржувачка училишна средина со фокус на поддршка на секој ученик.
- Продлабочување на соработката со локалната и меѓународната заедница и зголемување на учеството на родителите.
- Развивање на култура на активно учество во меѓународни образовни активности преку навремено информирање, поддршка и менторство.
- Поттикнување, мотивирање и зголемување на бројот на наставниците и учениците за активно учество во меѓународни натпревари, конкурси и проекти, со цел поголема меѓународна видливост, промоција на училиштето и зголемување на бројот на ученици и наставници кои ќе го претставуваат училиштето на меѓународно ниво.
- Јакнење на капацитетите на наставниот кадар за подготовка и реализација на активности поврзани со меѓународна соработка.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање полити

Опис/резиме на подрачјето

Во однос на просторните ресурси, училиштето е лоцирано во центарот на градот и фукционира како централно училиште со две подрачни училишта во с.Пчиња и с.Ст.Бара и Центар за подршка за ученици со посебни образовни потреби во кој се реализира настава за ученици со ПОП од I-IX одделение. Работи во пет училишни згради. Во централната училишна зграда има вкупно 29 паралелки, 20 паралелки од предметна настава, 9 паралелки од одделенска настава. Во предметната настава училниците се опремени и осовремени за настава има 2 кабинета по информатика и кабинет по природни науки. Во склоп на училиштето работи и училишната библиотека опремена со книги, лектирни изданија, енциклопедии и нуди можност за компјутерски истражувачки активности на учениците. Училиштето располага со спортска сала за реализирање на часовите по ФЗО и мала сала за реализирање на ФЗО за ученици од I и II одделение и се користи за приредби, прослави и други активности.Има наставнички канцеларии, канцеларија на директор и стручни соработници, помошни простории и тоалети..Во втората зграда која се наога на улицата „Тонко Димков“бб., се изведува настава на ученици од реонот на Соколана од I-V одд. како и сите петти одделениа или вкупно има 9 (девет) паралелки.Во оваа зграда има: 9 училници, една училница е прилагодена за реализирање на часови по ФЗО, наставничка канцеларија, 2 помошни простории. Во третата зграда која се наоѓа на улицата „Тане Георгиевски “ бб наставата се изведува за ученици со посебни образовни потреби. Во оваа зграда има 9 училници за ученици со посебни образовни потреби, 7 училници за ученици од редовни паралелки од трето и четврто одделение, наставничка канцеларија, спортска сала и помошни простории и тоалети. Во четвртата зграда е подрачното училиште во с.Пчиња и опфаќа ученици кои гравитираат кон тој реон.Во оваа зграда има 6 училници и еден кабинет по информатика, наставничка канцеларија, помошни простории. Има и спортско игралиште во училишниот двор. Во петтата зграда која е лоцирана во с.Студена Бара учат ученици од тој реон и тоа 2 училници за две комбинирани паралелки од I-V одделение, наставничка канцеларија. Поголем дел на родители и наставници сметаат дека просторните услови делумно ги задоволуваат потребите за реализирање на редовната настава, додатна и дополнителна настава и вонаставни активности. Најголем проблем представува фактот што две училишта делат една училишна зграда.

Силни страни

- Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати (завршена фасада и термо изолација на главната училишна зграда), едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства
- Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори
- Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование
- Континуираното подобрување на инфраструктурните услови за престој на учениците во сите училишни згради во кои се одвива наставата

Слаби страни

- Неможност УО да има влијание врз буџетот со цел побрзо решавање на донесени одлуки во училиштето
- Ограничените финансиски средства за реализација на сите планирани активности, административни процедури
- Недостаток на просторен капацитет, одвивање на воспитно образовен процес од страна на две училишта во иста училишна зграда
- Во однос на инклузија, недоволна екипираност на персонал, логопед, негувател или медицинско лице.
- Недоволен број на современи ИКТ средства за осовременување на наставата.

Приоритети

- Опремување на училници со современи ИКТ средства за осовременување на наставата.
- Континуирано унапредување на инфраструктурата, реализација на проекти за подобрување на инфраструктурата, конкретно, енергетско ефикасна фасада на училишната зграда на ул. Тане Георгиевски и алтернативно решение за греење.
- Екипирање на кадарот за комплетна имплементација на процесот на инклузија.
- Приоритет на библиотеката е дополнување на книжниот фонд со нови лектирни изданија.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:

- Подобрување на материјално-техничките и просторните услови за реализација на современа, интерактивна и индивидуализирана настава.
- Едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби кои работат по модифицирана наставна програма.
- Унапредување на инклузивна, безбедна и поддржувачка училишна средина со фокус на поддршка на секој ученик.
- Опремување на училници со современи ИКТ средства за осовременување на наставата.
- Континуирано унапредување на инфраструктурата, реализација на проекти за подобрување на инфраструктурата, конкретно, енергетско ефикасна фасада на училишната зграда на ул. Тане Георгиевски и алтернативно решение за греење.
- Приоритет на библиотеката е дополнување на книжниот фонд со нови лектирни изданија.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Јадранка Јосковска _____

Дафина Јосимовска _____

Емилија Кириловска _____

Елизабета Костадиновиќ Костиќ _____

Директор:

Јасминка Спасовска